Во табелата со поднаслов – Радиодијагностика кај услугата со Шифра РА15 – „Ентероклиза", во колоната 3 бројот „26.843,00" се заменува со бројот „32.500,00".

Во табелата со поднаслов – Интерна медицина кај услугата со Шифра АИМ17 – „Бронхоскопија", во колоната 3 бројот „2.500,00" се заменува со бројот „4.900,00".

Кај услугата со Шифра АИМ18 – „Бронхоскопија со биопсија", во колоната 3 бројот „2.700,00" се заменува со бројот „7.380,00".

Кај услугата со Шифра АИМ19 – „ЕНО на абдомен", во колоната 2 текстот „ЕНО на абдомен" се заменува со текстот „ЕХО на органи во абдомен и/или граден кош".

Во табелата со поднаслов – Респираторни пакети кај услугата со Шифра АРП9 – „Специјалистички пакет со бронхоскопија", во колоната 3 бројот „3.750,00" се заменува со бројот „5.400,00".

Кај услугата со Шифра АРП10 – „Специјалистички пакет со бронхоскопија и биопсија", во колоната 3 бројот „3.950,00" се заменува со бројот „8.000,00".

Кај услугата со Шифра АРП11 – „Специјалистички пакет со ЕХО и пункција", во колоната 3 бројот „2.100,00" се заменува со бројот „2.350,00".

Во табелата со поднаслов – Респираторни пакети за дијагностика и третман на респираторни заболувања кај децата кај услугата со Шифра ДРП1 – „Основен респираторен пакет за деца", во колоната 3 бројот „1.400,00" се заменува со бројот „1.650,00".

Кај услугата со Шифра ДРП2 – „Проширен респираторен пакет за деца", во колоната 3 бројот „2.000,00" се заменува со бројот „2.150,00".

Кај услугата со Шифра ДРП6 – „Пакет за дијагностика на хроничен опструктивен синдром кај деца", во колоната 3 бројот „2.500,00" се заменува со бројот „3.200,00".

Кај услугата со Шифра ДРП7 – „Пакет за егзацербирани хронични респираторни состојби кај деца", во колоната 3 бројот „2.550,00" се заменува со бројот „3.000,00".

Кај услугата со Шифра ДРП9 – „Пакет за дијагностика на цистична фиброза кај деца", во колоната 3 бројот „3.500,00" се заменува со бројот „4.200,00".

Кај услугата со Шифра ДРП11 – „Специјалистички пакет со бронхоскопија кај деца", во колоната 3 бројот „3.700,00" се заменува со бројот „5.500,00".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-16558/10 Управен одбор
4 декември 2017 година Претседател,
Скопје **д-р Фатмир Мецити** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3779.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец ноември 2017 година, во однос на месец октомври 2017 година, е повисока за 0,2%.

2. Правото на пораст на платите за месец ноември 2017 година, во однос на месец октомври 2017 година, за работодавачите од членот 3, став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, изнесува 0,1%.

Министер
за труд и социјална политика,
Мила Царовска, с.р.